ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CRISIS MANAGMENT CENTER

## БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**МАРТ – АПРИЛ 2018**




## Одржана седма седница на Управувачкиот комитет

**На 27.4.2018 година, во Центарот за управување со кризи се одржа седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, со следниот дневен ред:**

**1.Информирање за подготвеноста на надлежните институции во Република Македонија при евентуална појава на пожар, потребата од преземање на итни мерки за справување со истите при нивна појава и подготовка на итен план на активности;**

**2.Разгледување на Записникот од седницата на Групата за процена, одржана на 27.04.2018 година, во врска со предлогот за продолжување на кризната состојба на подрачјата на јужната граница и северната граница на Република Македонија.** **(продолжува стр. 2)**

## Геопросторни подготовки за одговор при катастрофи



**Од 26.03 до 29.03.2018 година, во просториите на Домот на Арм се одржа работилница на тема „Геопросторни подготовки за одговор при катастрофи“. Настанот се одвиваше во организација и соработка со Министерството за одбрана и Инжинерискиот корпус на Армијата на Соединетите Американски Држави (US Army Corps of Engineers) и е поврзан со програмат на ЦМЕП - функционални и планирачки работилници кои ќе кулминираат со реализација на националната ТТХ вежба од областа на управувањето со кризи, предвидена за септември 2018 година.**

**Целта на овој настан е да се прикаже и да се спроведе (основна и напредна) обука за значењето, како користењето на овие алатки може да ја олесни интерагенциската и цивилно – воената размена на информации, интероперабилноста и да овозможи поддршка на одлуките на локациите во операциите за планирање и одговор при катастрофи. Работата се одвиваше во пленарни заседанија и работа во групи.**

## Заклучоци од одржана седма седница на Управувачкиот комитет

**Во врска со првата точка на дневниот ред беа донесени следните заклучоци:**

**- Центарот за управување со кризи, во најкраток можен рок, да формира оперативно координативно тело за заштита на шумите од пожари во претстојниот период, со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, Управата за хидрометеоролошки работи, ЈП Македонски шуми, Шумската полиција и ЗЕЛС, како и да определи лице кое ќе биде одговорно за координирање на ова оперативно тело, со цел навремено координирање на активностите во насока на преземање на соодветни активности за спречување на појава на пожари на територијата на Република Македонија.**

**Горе наведените институции, итно да номинираат членови до Центарот за управување со кризи, но не подоцна од 3.05.2018 година (среда).**

**- Центарот за управување со кризи, да ги спроведе и операционализира препораките и насоките разгледани и усвоени на седницата на Главниот штаб за управување со кризи, одржана на 12.04.2018 година.**

**- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, доколку оцени за потребно, да воведе ограничување на движењето на сите лица во шумите во шумскиот појас, (по процена во кои термини од ____ часот наутро до ____ часот попладне), со исклучок само ако лицето има добиено соодветна дозвола од ЈП „Македонски шуми“).**

**Доколку се воведе вакво ограничување, истото да не важи за вработените во ЈП „Македонски шуми“, а во периодот од ____ часот попладне до ____ часот наутро, да биде дозволено движење на сите лица во шумите и шумскиот појас.**

**Истовремено, по исклучок, ова ограничување да не важи за организирана тура на туристи за туристичкото разгледување на шумите во шумскиот појас и националните паркови во Република Македонија, која ќе биде во придружба на претставник од ЈП „Македонски шуми“ или националните паркови.**

**- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја информира соодветно јавноста за постоење на забраната за палење на стрништата како превентивна мерка за заштита од појава на шумски пожари и за опасноста од настанување на шумски пожари, за штетните последици од шумските пожари, за нивна превенција, како и за висината на казните за предизвикување на пожари согласно одредбите од Законот за шуми.**

**- Државниот инспекторат за земјоделство, во координација со Државниот инспекторат за шумарство и ловство, да преземаат мерки за превенција од пожари предизвикани од палење на стрништа, како и засилени контроли на терен во претстојниот летен период.**

**- Државниот инспекторат за шумарство и ловство и ЈП за стопанисување со пасиштата, преку своите служби, да ги известат корисниците на дивечот во ловиштата и корисниците на пасиштата, за можна потреба од нивно превентивно вклучување во заштитата од евентуалана појава на пожар.**

**- ЈП Македонски шуми, Шумската полиција, Националните паркови и ЈП за стопанисување со пасишта, да ги известат сите вработени и концесионери, за можноста од користење на бесплатниот телефонски број 195 во случај на забележани пожари на отворен простор.**

**- ЈП Македонски шуми, врз основа на изготвени оперативни планови за заштита од шумски пожари, да изврши распоредување на сите мобилни екипи на шумската полиција на терен, со цел обезбедување на засилени контроли во претстојниот период.**

**- Министерството за внатрешни работи, Граничната полиција и Шумската полиција да да го интензивираат патролирањето и легитимирање во шумските предели во претстојниот период.**

**- Заедницата на единиците на локалната самоуправа и сите единици на локалната самоуправа во Република Македонија:**

**- да ја зголемат соработката и координацијата со регионалните центри за управување со кризи, користењето на контактите преку бесплатниот телефонски број за итни повици 195, кој е 24 часа достапен на целата територија на Република Македонија.**

**- да ги ажурираат податоците за ресурсите од јавните претпријатија и трговските друштва во нивна надлежност кои може да се стават на располагање во случај на потреба и појава од пожари на отворен простор.**

**- по искористувањето на сите локални човечки и материјално -технички ресурси да бараат помош од ресурсите на државно ниво и од Дирекцијата за заштита и спасување.**

**– во целост да го спроведуваат Законот за заштита и спасување во однос на ангажирање на сите персонални и материјално - технички ресурси при спроведување на акциите за заштита и спасување при евентуална појава на пожари.**

**(продолжува стр. 3)**




**- да ги задолжат општинските јавни комунални претпријатија и противпожарните единици да имаат постојано и континуирано организирани екипи (или дежурства) во претстојниот период.**
**- во претстојниот период да одржат состаноци со надлежните институции на локално ниво, јавни претпријатија и концесионери на ловишта и пасишта, со цел следење на состојбата при евентуална појава на пожари во нивната општина.**
**- да формираат локален координативен штаб кој ќе ги стави во подготвеност сите материјално – технички и оперативни ресурси во функција на превенција и справување при евентуална појава од пожар, како и да достави контакт од одговорно лице до Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, со цел подигнување на свеста и системот на дејствување на повисоко ниво.**
**- ЈП Македонски железници инфраструктура, МЖ транспорт АД Скопје, ЈП Македонијапат и ЈП за државни патишта, веднаш да го отстранат горливиот материјал (сува трева и ниски растенија) во близина на пругите, односно на железничките правци и на автопатиштата каде што постои изразена опасност од опожарување.**
**- Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, при итни и неодложни потреби да го информираат Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, со цел потоа да се достави усогласен предлог до Владата на Република Македонија.**
**- Во текот на првата недела од мај 2018 година да се одржи тематска седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, во врска со надлежностите, ресурсите, подготвеноста и системско дејствување на институциите при појава од пожари во Република Македонија.**
**За оваа цел, Дирекцијата за заштита и спасување да испрати писмен допис/барање до сите градоначалници во Република Македонија, како и до сите засегнати институции (Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Армијата на Република Македонија, ЈП Македонски железници инфраструктура, МЖ транспорт АД Скопје, ЈП Македонијапат и ЈП за државни патишта, со цел нивно итно писмено произнесување/доставување одговор до Дирекцијата за сите расположливи ресурси и капацитети, како и законските надлежности во случај на појава на пожар.**
**- Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, заклучоците од оваа седница, заедно со Оперативните мерки и процедури за справување со пожари на Дирекцијата за заштита и спасување да ги достави до сите единици на локалната самоуправа.**
**- За горенаведените заклучоци, во текот на денешниот ден соодветно да биде информирана јавноста.**
**Во однос на втората точка беа донесени следните заклучоци:**
**- Го усвои Записникот од седницата на Групата за процена, одржана на 27.04.2018 година, односно го прифати предлогот за продолжување на кризната состојба до 31 декември 2018 година на подрачјата на јужната граница и северната граница на Република Македонија, врз основа на констатираните услови, констатираните безбедносни состојби и ризици, како и потребата од рационално користење на националните ресурси и сознанија од понатамошно постоење на висок ризик од илегална миграција.**
**- Предлогот за продолжување на кризната состојба на подрачјата на јужната граница и северната граница на Република Македонија да се достави на разгледување и утврдување на првата наредна седница на Владата на Република Македонија.**
**- Барањето/предлогот за продолжување на кризната состојба на подрачјата на јужната граница и северната граница на Република Македонија, по негово разгледување и утврдување од страна на Владата на Република Македонија, да се достави на разгледување и одлучување до Собранието на Република Македонија.**
**- Армијата на Република Македонија да продолжи со ангажирање на сили и средства во поддршка на Министерството за внатрешни работи при справувањето со мигрантската криза на подрачјата на јужната граница и северната граница на Република Македонија, согласно потребите и развојот на ситуацијата.**



## Евалуација на Проектот за воспоставување на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари

**ЦУК, 14.03.2018 - Советникот од балканската канцеларија на Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA) од Белград, г-дин Нишида Мотојуки како координатор на тимот за евалуација на „Проектот за воспоставување на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари“ (МКФФИС), денес го посети РЦУК Кичево и изврши евалуација на досегашното спроведување на МКФФИС системот од страна на РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево и ЈП МШ подружница ШС Лопушник.**

## Евалуација на Проектот за воспоставување на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари во РЦУК Струмица

ЦУК, 19.03.2018 - Претставник од Јапонската Агенција за меѓународна соработка (JICA) во Скопје, г-дин Сашо Димитров – технички координатор, присуствуваше на работен состанок во РЦУК Струмица.



На состанокот евалуација се изврши на досегашното спроведување на МКФФИС системот од страна на РЦУК Струмица, ДЗС Струмица и ЈП Македонски Шуми подружница „Беласица“- Струмица.

Интегрираниот систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари (МКФФИС), е имплементиран со поддршка на Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA) за зајакнување на националните капацитети, за превенција и рано предупредување за шумски пожари кој беше воспоставен од 2011 до 2014 година.

## Работилница за процена и мапирање на ризици поврзано со собирање на податоци за катастрофи



Во периодот 27.03-28.03.2018 во Хотел Holiday Inn во Скопје се одржа работилница во рамките на проектот “IPA-DRAM (Disaster Risk Assessment and Mapping”), кој се реализира со поддршка на Европската Комисија, во која ЦУК учествува со свои претставници.

Основните компоненти на проектот се однесуваа на следните активности:
1) Процена на штети (загуби) од катастрофи,
2) Процена на ризици и
3) Мапирање на ризици и воспоставување на регионален електронски атлас на ризици (ERRA)

Крајната цел на проектот беше насочена кон зајакнување на националните и регионалните капацитети во предвидените области, утврдување на националните и регионалните профили на ризици и добивање на ” Национален профил на ризици за Република Македонија”.

Во Планот на активности, беше предвидена поддршка од страна на проектот во изработка на процени за три категории на ризици: земјотрес, поплава и пожари. Заради стручна и компететна соработка, на работилницата покрај претставниците од ЦУК учество земаа претставници од институции и установи од Република Македонија кои ги покриваат наведените ризици и тоа: МЗШВ, МЖСПП, МТВ, МЛС, МФ,МЕ, ЗЕЛС, УКИМ, ИЗИИС, ДЗС.



## Одржана седница на Регионалниот штаб на РЦУК Кичево

ЦУК, 27.04.2018 - На 26.04.2018 година се одржа 39 седница на Регионалниот штаб за управување со кризи - Кичево. Покрај членовите на Регионалниот штаб на седницата присуствуваа и претставници од ТППЕ Кичево, ЈП Македонски шуми подружница ШС Лопушник Кичево, Општинскиот противпожарен сојуз Кичево и добоволните противпожарни друштва кои функционираат на подрачјето на општината Кичево. Седницата се одржа со цел рано предупредување, справување и спречување на појавата на пожари. Раководителот Сузана Тасевска истакна дека треба да се продолжи досегашната практика на организирање на трибини за превенција, справување и заштита од шумски пожари. На тие трибини да се вклучат сите интитуции и организации на територијата на општина Кичево. Горан Соколески, претседател на општинскиот противопожарен сојуз Кичево рече дека во рамките на превентивните активности за заштита од пожари ОППС организира квиз натпревари, едукативни настави и дистрибуира пропаганден материјал. Во соработка на ОППС, ДПД Стрелци Гарани и ТППЕ Кичево спроведена е презентација на противпожарна опрема во дворот на ОУ Милто Гура во село Стрелци, каде што на учениците им беше претставена стандардната опрема што ја има едно противпожарно возило. Емин Зејно, претседател на Црвен Крст - Кичево ја истакна одличната соработка со РЦУК Кичево и смета дека најдобра пракса е спроведувањето на тактичко показни вежби, како оние спроведени во ОСУ Мирко Милески и ОУ Санде Штерјоски.



## Седница на Регионалниот штаб на РЦУК Струмица

Во рамките на програмските определби и по иницијатива на раководителите на Регионалниот центар за управување со кризи Струмица и ЈП Македонски Шуми Подружница ШС „Беласица“ Струмица на 27. 04. 2018 г. во просториите на Подружница ШС„Беласица“ Струмица се одржа координативен состанок во врска со превенција, комуникација, координација и подготвеност на субјектите во системот за управување со кризи за превенција и гасење на шумските пожари во претстојниот период. На состанокот покрај претставници од Подружница ШС„Беласица“ и Регионалниот центар за управување со кризи Струмица, присуствуваа и претставници од ЕЛС и Јавните комунални претпријатија од (Струмица, Василево, Босилово, Ново Село, ДЗС, ТППЕ, МВР-СВР Струмица, Шумска полиција – Струмица, државен инспекторат за шумарство и ловство, Гранична полиција -Ново Село и претставници од ловните друштва. По завршување на состанокот беа донесени следниве заклучоци: 1. Организирање на заеднички обуки за гасење на пожар во ТППЕ-Струмица за вработените во ПШС Беласица-Струмица,тимови за припомош-просторни сили од општините Струмица, Босилово, Василево,Ново Село,ловочувари од ловните друштва. 2.Подобрување на комуникацијата, координацијата и соработката помеѓу субјектите кои се надлежни за справување со шумски пожари на отворен простор. 3. Претседателот на здружението на сопственици на приватни шуми да изготви и достави список со телефонски броеви на лица сопственици на приватни шуми заради координација при појава на шумски пожар во приватна шума. 4. ЈП за стопанисување со пасишта да ги извести лицата концесионери на пасишта во Струмичкиот регион дека е забрането палење на пасиштата заради правење обработливи површини.

## Соопштение за јавноста

ЦУК, 02.03.2018 - Според најавите добиени од Управата за хидрометеоролошки работи, за време на претстојниот викенд ќе преовладува променливо облачно и значително потопло време со сончеви периоди. Утре попладне и ноќта кон недела ќе има повремени локални врнежи од дожд, особено во западните делови каде на повисоките планини врнежите ќе бидат од снег. Ќе дува повремено и засилен западен ветер, поизразен на планините и на југот од земјава. Ваквите временски услови во поголем дел од земјава ќе предизвикаат нагло топење на снежната покривка. Потоа во почетокот на наредната недела ќе преовладува променливо облачно време со повремени врнежи од дожд.

Новите врнежи дополнително ќе влијаат на водотеците и суводолиците и се очекува нови покачувања на водостоите кои поради влажните почви и нивната мала способност да впијат поголеми количини на вода, треба да се внимава на можна појава на локални излевања на веќе познати критични места и тоа во сливовите на реките Треска (горен тек со притоките), Црна Река (горен тек со притоките), притоките на р.Радика и Црн Дрим, притоките на р.Вардар (горен тек), реките околу Баба Планина, Нице, Кожув, Бабуна.

Со цел навремено преземање на превентивни активности за намалување на ризиците од појава на поплави, Центарот за управување со кризи ги извести Единиците на локална самоуправа и препорача да ги задолжат јавните претпријатија и останатите субјекти во нивните општини, да бидат подготвени и да извршат проверка на сите критични места на кои е можно излевање и поплавување, да се провери состојбата со мрежата на одводните канали и на другите водни објекти на нивна територијата, со цел утврдување дали истите ја обезбедуваат потребната водопропусност за нормален тек на водата. Ги потсетуваме граѓаните доколку имаат потреба да го користат бесплатниот телефонски број за итни повици на Центарот за управување со кризи - 195.

## Состојбата по врнежите од дожд, топењето на снегот и зголемувањето на водостоите на територијата на Република Македонија (05.03.2018, 08:00 ч.)

**Скопски регион - Во општина Зелениково водостојот на реката Вардар е зголемен и може да дојде до излевање. Во општина Сарај има излевање на реката Река во населено место Буковиќ.**

**Тетовски регион - Во општина Боговиње проблеми има на патот кај с.Ново Село каде има појава на клизиште. Од страна на ЕЛС Боговиње моментално се излезени лица на местото на настанот и се очекуваат дополнителни информации. Во општина Брвеница има помало излевање на реката Вардар во с.Теново каде е поплавена помала површина на земјоделско земјиште. Во општина Желино мало излевање има во с.Стримница. Во општина Јегуновце, во с.Раотинце реката Вардар е излеана од своето корито и поплавена е поголема површина на земјоделско земјиште. Во општина Гостивар нивото на реките Вардар и Лакавица се на високо ниво во делот на селата Балиндол и Форино, ЕЛЕМ ХЕЦ Гостивар го намали испустот на вода во реката Вардар до минимум, Исто така во с.Форино излеана е реката Јахорка.**

**Велешки регион - Во општина Велес има интервенција на отстранување на паднато дрво во р.Вардар кај мостот на Башино Село.**

**Прилепски регион - Во општина Крушево, во атарот на с.Бучин, нивото на река Црна е покачено и во текот на реката од с.Света кон с.Бучин има излевање и поплавување на ливади во должина од околу 3 км и ширина од околу 50 метри низводно. Во општина Демир Хисар има намалување на водостојот на р.Црна, има повлекување на водата од поплавените земјоделски површини на потегот од с.Доленци до с.Света.**



**Охридски регион - Во општина Дебарца, во село Оровник, кај манастирот Св. Петка има поголеми одрони на камења и појавени се помали свлечишта. Оштетени се бандерите за електоснабдување и самиот пристапен пат. Исто така на Голема река кај село Долно Средорече има помало излевање на реката. Во општина Струга, има поплавување на приземни објекти во вкупно 7 објекти за домување. Во с.Враништа има поплавување на приземни простории на 8 – 10 објекти за домување. Поради недоволната апсорпциона моќ на канализациониот и колекторскиот систем во градот Струга како и непрокопаноста на коритото на реката Црни Дрим има поплавување на 40 – 45 хектари обработливо земјиште поради непрочистени канали и високиот водостој на реката Црни Дрим. Во општина Македонски Брод, поради интензивните врнежи од дожд и повисоките температури настана топење на снегот и покачување на нивото на р.Треска и нејзино излевање од коритото. Поплавени се ливади, ораници и овошни насади по течението на р.Треска во атарите на селата Лисичани, Пласница, Девич, Манастирец и Модришта. Поплавен е и угостителскиот објект „Извор“ во с.Манастирец,**

## Состојба по излевање на реките (06.3.2018, 8:00 ч.)

**Скопски регион - Во текот на вчерашниот ден на ул.Партениј Зографски (под хотелот Тасино Чешмиче), се појавило свлечиште од дрвја, камења и земја. За овој настан известено е одговорното лице во ЕЛС Центар. (опш.Центар). Во општина Сарај има излевање на реката Река во населено место Буковиќ. Во општина Петровец, појавени се незначителни поплави кај некои дворови и ниви како последица на топењето на снегот и појавата на подземни води.**

**Битолски регион - Во општините Битола, Могила и Новаци, низ пелагонискиот регион има заезерени вкупно околу 7 – 10 хектари земјоделски површини кои се појавени како резултат на нефункционалноста на терцијалната мрежа за одводнување. Во општина Крушево, во атарот на с.Бучин нивото на р.Црна е покачено и во текот на реката од с.Света кон с.Бучин има излевање и поплавување на ливади во должина од околу 3 км и ширина од околу 50 метри низводно.**

**Тетовски регион - Во текот на вчерашниот има излевање на вода од каналот што поминува низ село Мала Речица, по што ЕЛС Тетово со своја механизација интервенирале.**

**Охридски регион - Во општина Македонски Брод поради интензивните врнежи од дожд и топење на снегот дојде до покачување на нивото на р.Треска и нејзино излевање од коритото. Поплавени се ливади, ораници и овошни насади по течението на р.Треска во атарите на селата: Лисичани, Пласница, Девич, Манастирец и Модришта. Во општина Вевчани има појава на лизгање на земиште кај Општата болница во Вевчани. Исто така има и поткопан потпорен зид кај изворите во Вевчани. За оваа појава се запознати надлежните институции за да се превземат неопходните мерки.**

## Состојба по излевање на реките (06.3.2018, 13:00 ч.)

**Скопски регион - Излевање на реката Вардар има во општина Аеродром (мостот спрема Јурумлери), и во општина Зелениково (места викани Вител, Чука и Средоред).**

**Битолски регион - Во општините Битола, Могила и Новаци, има заезерено 7 – 10 хектари земјоделски површини кои се појавени како резултат на нефункционалноста на терцијалната мрежа за одводнување. Во општина Крушево, во атарот на с.Бучин, по текот на реката Црна од с.Света кон с.Бучин има излевање и поплавување на ливади во должина од околу 3 км и ширина од околу 50 метри низводно. Во општина Демир Хисар река Црна има излевања каде поплавени се земјоделски површини на потегот од с.Доленци до с.Света.**

**Дебарски регион - Во општина Дебар, патниот правец за с.Рајчица не е прооден поради оштетување на патот од настанато свлечиште.**



**Охридски регион - Во општина Македонски Брод, Реката Треска во моментот е излеана на повеќе места од нејзиното корито и поплавени се земјоделски површини и ливади во атарите на селата Лисичани и Пласница, како и земјоделски површини, овошни насади и ливади во атарите на селата Сувидол, Девич, Манастирец и Модриште. Во општина Струга, состојбата со свлечиштето кое се појави во близина на здравствен дом Вевчани се следи, нема опасност свлечиштето да направи штети на објекти.**

**Велешки регион - На подрачјето на општина Велес нивото на реката Вардар е на критично ниво. Нај критично е во месноста Речани, за таа цел обезбедени се вреќи со песок и постојан мониторинг. На подрачјето на општина Чашка, реката Бабуна е излеана во атарот на с.Долно Врановци. Излеаната вода се движи по патот кој води кон селото, при што е попречен сообраќајот.**

**Тетовски регион - Во општина Боговиње, има одрон во должина од 5 метри на патот за с.Ново село и патниот правец не е прооден. Во општина Гостивар, нивото на реката Вардар во с.Форино е малку намалено, а од ЕЛЕМ Гостивар е побарано да биде намалено производсвото на електрична енергија.**




## Состојба по излевање на реките (07.3.2018, 08:00 ч.)

**Скопски регион - Во текот на вчерашниот ден дојде до излевање на реката Вардар во општина Аеродром (мостот спрема Јурумлери) и во општина Зелениково (места викани Вител, Чука и Средоред).**

**Битолски регион - Во општините Битола, Могила и Новаци, има заезерено 7 – 10 хектари земјоделски површини, кои се појавени како резултат на нефункционалноста на терцијалната мрежа за одводнување, бидејќи класично излевање на водотеци нема. Во општина Крушево, по текот на река Црна од с.Света кон с.Бучин има излевање и поплавување на ливади во должина од околу 3 км и ширина од околу 50 метри низводно. Во општина Демир Хисар има излевања и поплавени се земјоделски површини на потегот од с.Доленци до с.Света.**

**Тетовски регион - Во Тетовскиот регион не се бележат нови излевања. Водата од веќе излеаните површини се повлекува. Во општина Боговиње, на патот за с.Ново Село има одрон во должина од 5 метри и се очекува со чистење да се почне денес. Нивото на водата од река Вардар во с.Форино е малку намалена и истите бараат од ЕЛЕМ Гостивар и денеска да биде намалено производсвото од електрична енергија, заради тоа што има некои земјоделски површини што се поплавени од вода. Во општина Маврово и Ростуше над село Жировница, делумно е почнато да се лизга земјиштето и постои опасност клизиштето да се зголеми.**

**Охридски регион - Во општините Охрид, Дебарца и Кичево состојбата се нормализира. Во општините Македонски Брод и Пласница поради сеуште високиот водостој на река Треска, на повеќе места има излевање на истата при што се поплавени земјоделски површини, ливади**

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CUK.GOV.MK • 195 • CUK.MAIL@CUK.GOV.MK

## Состојба по излевање на реките (07.3.2018, 14:00 ч.)

**Скопски регион - Во текот на вчерашниот ден дојдено до излевање на реката Вардар во општина Аеродром (мостот спрема Јурумлери) и во општина Зелениково (места викани Вител, Чука и Средоред).**

**Битолски регион - Во општините Битола, Могила и Новаци, има заезерено 7 – 10 хектари земјоделски површини. Во општина Крушево, во атарот на с.Бучин, нивото на река Црна е со тенденција на опаѓање. По текот на реката од с.Света кон с.Бучин, сеуште има излевање и поплавување на ливади во должина од околу 3 км и ширина од околу 50 метри низводно. Во општина Демир Хисар, водостојот на р.Црна е висок. Има излевања и поплавени се земјоделски површини на потегот од с.Доленци до с.Света.**

**Охридски регион - Во општина Дебарца, во м.в.Сливовски Анови има поплавување на мали земјоделски површини и дворни места од викендички од акумулирани површински води кои се задржуваат поради самата кофигурација на теренот. Во општина Дебар, патниот правец за с.Рајчица не е прооден поради оштетување на патот од настанато свлечиште. Во општина Македонски Брод, реката Треска во моментот е излеана на повеќе места од нејзиното корито и поплавени се земјоделски површини и ливади во атарите на селата Лисичани и Пласница, како и земјоделски површини, овошни насади и ливади во атарите на селата Сувидол, Девич, Манастирец и Модриште. Во општина Кичево, како последица од врнежите од дожд од предходните денови и топењето од снег, има појава на заезерување на одредени места како и извирање на подземни води на одредени делови кои што предизвикуваат поплавување претежно на подрумски простории. Од ТППЕ Кичево во текот на вчерашниот ден интервенирано е за испумпување на вода во зграда на ул.Булевар Ослободување.**

**Тетовски регион - Во врска со истекувањето на води од каналот кој поминува низ селото Мала Речица, денес на терен се ангажирани еден багер и камион кои што работат на остранување на нанесениот материјал. На патот за месноста Бањиче има одрон од земја која ќе биде исчистена во текот на денот.Во општина Боговиње, одронот во должина од 5 метри на патот за с.Ново село не е сеуште исчистен, но има алтернативен пат за поминување до селото. Во општина Гостивар, нивото на реката Вардар во с.Форино е на критично ниво и истите бараат од ЕЛЕМ Гостивар и денес да биде намалено производсвото од електрична енергија. Во општина Врапчиште, има излевање на реката Поточан помеѓу с.Градец и с.Сенокос, при што поплавени се земјоделски површини и фарма со овци.**

## Состојба по излевање на реките во Тетовскиот регион (07.3.2018, 16:00 ч.)

**Од ЕЛС Боговиње е добиена информација дека во село Пирок е дојдено до ерозија и напукнување на земјиште во близина на училиштето во Пирок, а исто така од подземни води поплавени се подрумски простории на 5 куќи. Од страна на општината ангажиран е трактор со цистерна за исцрпување на водата од поплавените подруми. Во врска со напукнувањето на земјиштето, од страна на општината свикан е состанок на Штабот за кризни состојби. Од ЕЛС Јегуновце известуваат дека реката Вардар е на максимално ниво и се има излеано на локалниот пат кој ги поврзува селата Сирижино и Туденце. Од ЕЛС Тетово известуваат дека во текот на денот интервенирале во Мала Речица и дека состојбата е нормализирана, а се очекува и да биде расчистен одронот кај месноста Баниче. Водостоите на реките и каналите во општината се на високо ниво, а регистрирано е излевање на каналот кој минува низ селото Цепчиште, во долниот дел на селото кон с. Требош.**



## Состојба по излевање на реките (09.3.2018, 08:00 ч.)

**Битолски регион - Во Битолски регион, патниот правец помеѓу селата Вирово и Боиште кој беше оштетен од излевање на реките Боишка и Цероска се уште не е саниран. Се работи за земјен пат кој после оштетувањата е непрооден со моторни возила. Водостојот на р.Црна се намалува, се уште има излевања и поплавени земјоделски површини на потегот од с.Доленци до с.Света. Нивото на Река Црна има тенденција на опаѓање. И останатите водотеци во регионот бележат опаѓање.**

**Тетовски регион - Во Тетовски регион, состојбата со излеаните води од с.Цепчиште кон с.Требош, со помош на механизација, е регулирана. Во општината Јегуновце нивото на реката Вардар е сеуште на максимално ниво, дека поплавените површини се сеуште под вода и дека има и поплавено подруми и локални улици во селата Раотинце, Копанце, Туденце и Сириќино. Од страна на општината ќе биде формирана општинска комисија за проценка на штетите од поплавите. Во текот на вчерашниот ден вработени од РЦУК Тетово, од ЕЛС Боговиње и претставници од ДЗС Тетово, беа на лице место во с.Пирок - ЕЛС Боговиње. Од вчерашното напукнување и свлечиште на земјиште, оштетена е една семејна куќа, каде има навлезено вода во подрумските простории и има напукнат зид од куќата. Од напукнувањето и поплавувањето, оштетена е и водоводната инсталација и се работело на санирање на дефектот. Во општина Гостивар, нивото на водата од река Вардар во с.Форино сеуште е критично. Во текот на вчерашниот ден се поставувале вреќи со песок во с.Мало Турчане и во с.Речане.**

**Охридски регион - Како последица на врнежите од дожд и топење на снегот и зголеменото ниво на реката Вапилска, дел од патот од село Вапила кон село Сирула е поткопан. Известена е локалната самоуправа на Охрид. Од жители од с.Скребатно добиена е информација дека на локалниот пат с.Лескоец - с.Скребатно има одрони. Известена е локалната самоуправа. Во општините Македонски Брод и Пласница нивото на реката Треска е со тенденција за намалување.**

## Информација за состојбата со нивото на реката Црн Дрим и браната Глобочица (30.03.2018)

**Од АД ЕЛЕМ Скопје, подружница ХЕС „Црн Дрим“ – Струга известуваат за зголемен прелив на брана Глобочица. Согласно временската прогноза за 31.03-01.04.2018 година каде се очекуваат врнежи на дожд во количиуна од 20 л/м2, особено интензивни во раните утрински часови на 01.04.2018 година. Истите ќе бидат проследени со силен јужен ветар со брзина од 80 км/ч.**

**Ова ќе предизвика нагло зголемување на дотекот на вода во сливното подрачје на реката Црн Дрим, особено на профилот на браната „Глобочица“, каде во услови на истек од Охридското Езеро од 52 м3/сек и истек низ ХЕЦ „Глобочица“ од 52 м3/сек се очекува прелив на вода низ преливната шахта од 150-200 м3/сек. Прелиената количина на вода ќе предизвика зголемување на нивото на р.Црн Дрим низводно од браната Глобочица.**

**Најголемите протеци на вода добиени спрема анализите правени согласно со метеоролошката прогноза од 30.03.2018 година се очекува да биде околу 06:00 часот изутрина на 01.04.2018 година, а ќе трае до попладневните часови, истиот ден кога се очекува стабилизрање на истеците на вода.**

**Одржана е седница на Регионалниот штаб за управување со кризи – Охрид, на која се донесени заклучоци за превземање на соодветни мерки за превенирање на актуелната состојба. Се превземаат мерки во делот од патот низводно од брана „Глобочица“, село Долно Луково, крајбрежните објекти во Струга и Охрид и другите населени места долж Охридското Езеро, за заштита од зголемените количини на вода и влијанието на ветрот.**

## Информација за состојбата во Охридско-струшкиот регион

**ЦУК, 01.04.2018 – По невремето кое што го зафати Охридско-Струшкиот регин, информираме дека во овој момент состојбата е нормализирана. Надлежните субјекти целосно ја следеа состојбата, согласно насоките кои претходно беа договорени, и по престанување на невремето, пристапено е кон санирање на последиците и причинетата штета. Најпогодена беше крајбежната линија на потегот од населба Канео до централното градско подрачје во Охрид , а во Струга, во делот од машка и женска плажа. Испуштањето на водите од Охридско езеро преку р. Црн Дрим е со постојана координација со ЕЛЕМ и покрај прелевањето на акумулацијата Глобочица по течението на р.Црн Дрим, нема опасности за причинување на штета на патот Струга-Дебар. Нивото на реките на Сатеска и Коселска е со благ пораст во однос на претходните денови, но нема опасност од преливање. До овој момент на 195 нема пријави за причинета штета ( поплави , пад на дрвја и сл.) Во однос на функционирање на останатата инфраструктура ( колектор,водоснабдување, електроснабдување), не се забележани прекини.**



**Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија**
**(електронско издание)**

**Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија**
**Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол**
**Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје**

**контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102**
**веб: www.cuk.gov.mk**
**e-mail. mail@cuk.gov.mk**